Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-241/9
13-04-2023 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, услуги и трговија
на големо и мало РУДПРОИНГ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0302-10
13.04 2023 год.
Македонски Брод

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – црн мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало РУДПРОИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Македонски Брод на локалитетот „Долги Рид" општина Македонски Брод бр.41-609/4 од 1 февруари 2023 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.38/23) и членот 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – црн мермер на локалитетот „Долги Рид" општина Македонски Брод бр.24-7461/1 од 06.12.2013 година,

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Kreshnik Bekteshi
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало
РУДПРОИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Македонски Брод
со адреса: Населено место без уличен систем бр.1-м.в /Бабиндол
Девич, Македонски Брод
застапувано од лицето Драге Ѓурчиноски
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2023 година во Скопје, склучија:

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ЦРН МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДОЛГИ РИД" ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – црн мермер на локалитетот „Долги Рид" општина Македонски Брод бр.24-7461/1 од 06.12.2013 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години".

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – црн мермер на локалитетот „Долги Рид“ општина Македонски Брод бр.24-7461/1 од 06.12.2013 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – црн мермер на локалитетот „Долги Рид“ општина Македонски Брод бр.24-7461/1 од 06.12.2013 година остануваат во сила, непроменети.

**За Концедентот**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,**
Kreshnik Bekteshi

**За Концесионер**
**Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало РУДПРОИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Македонски Брод**
**Драге Ѓурчиноски**

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Долги Рид -Македонски Брод

Минерална суровина: Црн мермер

Површина = 0.799995 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7521500 | 4604700 |
| 2 | 7522300 | 4604700 |
| 3 | 7522300 | 4603700 |
| 4 | 7521500 | 4603700 |